# НОСТАЛГИЈА ЗА МИНАТОТО

● (ЗА САМОСТОЈНАТА ИЗЛОЖБА НА РУБЕНС КОРУБИН ВО ЛИКОВНИОТ САЛОН НА ДЛУМ ВО СКОПЈЕ)

**РУБЕНС КОРУБИН, СИН НА НАШИОТ** истакнат сликар **Миле Корубин**, е еден од најдобрите претставници на младата генерација македонски сликари, кои по единечно или на групни изложби се појавија само пред три-четири години, внесувајќи во современата македонска ликовна уметност нови вредности, нови содржини и една динамична атмосфера, не изразувајќи се во хор, туку сосем индивидуално и разнолико.

**ИАКО СЛИКИ ОД РУБЕНС** Корубин сретнувавме на повеќе колективни изложби со кои веднаш се издвои од мноштвото новодојдени млади уметници сепак, оваа е негова прва самостојна изложба, која е составена од цртежи, но цртежи сфатени поинаку од вообичаените можности на цртачката дисциплина, правејќи еден вид ликовна комбинација, обојувајќи го со неколку тонови основниот цртачки сплет, допирајќи ја на извесен начин сликарската техника. **Така, би можеле да кажеме дека се тоа цртежи дополнети** со сликарски елементи и вредности, поточно, цртежи — слики, каде што понекогаш цртежот, перото тушот, линијата се главен носител на композицијата, а понекогаш токму обоената површина станува доминатна вредност, главна привлечност за окото и вкусот на набљудувачот.

**ВО СВОЈАТА ЛИКОВНА ПОСТАПКА** Рубенс Корубин се открива како поклонител на класичните ликовни вредности, носи една фина **носталгија за минатото**, но сето тоа е гледано од еден студиозен аспект на модерните сфаќања за пластично-визуелните феномени, и затоа овие дела, како и воопшто делата на Рубенс Корубин, не ѝ подлегнуваат на некаква излитена сентименталност, туку само мошне чувствително, поетски евоцираат состојби, настани секавања и форми од минатите времиња, од минатите сликарски школи, како да сакаат да нѐ потсетат на трајните убавини на уметноста, па дури и на некои конкретни уметнички стилови, како на пример, стилот на Рембрант, неговиот мургав тон, што како звук на виолончело ѕуни низ струните на цртачката композиција; блиско до сензибилитетот на Рембрант е и острото (а сепак префинето) чувство на Рубенс Корубин за предавање на **светло-темни односи**, особено во мотивите со дворови во кои централните сцени се обрабени со јасни темнокафеави слаголаци. Рубенс Корубин исто така нѐ уверува преку своите експонати дека има **афинитет спрема италијанскиот ренесансен израз**, имено спрема леонардовскиот сенчест амиент, но без да го виеб в б ува свуматото н аголемиот Фирентинец во еклектички занес, туку како ликовна егзалтација кон вечните резултати на сликарското мајсторство.

**УБАВО Е ШТО РУБЕНС** Корубин во своето појавување се покажува како **почитувач на големите уметнички достигања и на убавите цртачки манири**, бидејќи со тоа ни открива неколку важни моменти, неколку неопходни црти за почетоците на еден примерен сликар, и тоа, **искреност, студиозност, емотивност и култивираност**, првични квалитети кои најдобро можат да го одредат идниот творечки пат на уметникот од кој се очекува многу.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**